РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.34.УП/010.02

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ И ИЗВОЗ НА АМБАЛАЖА

МАРТ 2023

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 07.05.2015 | Прво издание | / | / |
| 02 | 22-03-2023 | Второ издание | Изменети | Т. 14, 15, 50 и 51 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе:

# УПАТСТВО ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ И ИЗВОЗ НА АМБАЛАЖА

## I. Општи одредби

1. Привремениот увоз и извоз на амбалажа пропишан е со Прилогот Б.3. од Конвенцијата за привремен увоз (Сл. Весник 29/06), членовите 150 до 157 од Царинскиот закон со сите измени и дополнувања и членовите 365 до 395 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања.

2. Амбалажа согласно член 1 точка б) од Прилогот Б.3. од Конвенцијата за привремен увоз значи сите предмети и материјали кои се користат или можат да се користат во оној облик во кој се увезени за пакување, заштита, редење или одделување на стока, со исклучок на амбалажни материјали како што се слама, хартија, стаклена волна, струготини и слично, кога е увезена во големи количини.

3. Амбалажа во смисла на ова Упатство, е амбалажа означена со трајни ознаки и наменета за повеќекратна употреба.

4. Поимот за амбалажа не вклучува контејнери кои се соодветно регулирани со Прилогот Б.3. од Конвенцијата за привремен увоз и членот 369 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

5. Одредбите на ова Упатство соодветно се применуваат и за постапка на привремен извоз на домашна амбалажа и палети.

## II. Постапка на привремен увоз/извоз на амбалажа

6. Постапката на привремен увоз со целосно ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ се одобрува согласно Прилогот Б.3. од Конвенцијата за привремен увоз, членот 382 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и член 27 став (1) алинеа 4 од Законот за данокот на додадена вредност, под услов амбалажата:

   - привремено да се увезува полна и повторно да се извезува празна или полна;
   - привремено да се увезува празна, а повторно да се извезува полна.

7. Амбалажата не смее да се употребува во внатрешниот промет, освен за предвидениот повторен извоз. Доколку амбалажата привремено се увезува полна, ова ограничување се применува од моментот кога амбалажата ќе се испразни.

8. Постапката на привремен увоз може да се одобри најдолго за 24 месеци.

9. Привремениот увоз/извоз на празна амбалажа се врши со усно декларирање и поднесување на комерцијален документ на царинската испостава на влез/излез или царинската испостава на увоз/извоз, додека привремениот увоз/ извоз на полна амбалажа се спроведува така што амбалажата ја дели судбината на стоката и се декларира заедно со стоката. Начинот на спроведување на постапката е пропишан во глава IV на ова Упатство.

10. Царинската испостава на влез/излез или царинската испостава на увоз/извоз може да побара царинска декларација во писмена форма, доколку не може да се увери во точноста и целосноста на податоците декларирани со усната царинска декларација.

## III. Одобрение за водење на евиденција

11. Согласно член 392 став (2) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон за да се обезбеди надзор над привремениот увоз/извоз на амбалажа, царинскиот орган бара водење на евиденција за амбалажата која привремено се увезува/извезува.

12. За да може да се употребува постапката пропишана со ова Упатство, потребно е лицата кои имаат намера да ја користат оваа постапка до месно надлежната царинарница која е месно надлежна според седиштето на подносителот на барањето, да достават барање за Одобрение за водење на евиденција за привемен увоз/извоз на амбалажа.

13. Привремениот увоз/извоз на амбалажа согласно ова Упатство, може да се спроведе откако е дадено одобрение за водење на соодветна евиденција на барателот од точка 12 на ова Упатство.

14. Одобрение за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа дава месно надлежната царинарница, надлежна според седиштето на подносителот на барањето, на 01.30.34.УП.010.01-ОБ.01.02 Одобрение или на 01.30.34.УП.010.01-ОБ.02.02 Одобрение - ЗУЈ[1]

15. Во Одобрението треба да се наведе обврската за водење на соодветна евиденција на 01.30.34.УП.010.01-ОБ.03.02 Евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа, кој е составен дел од даденото одобрение или 01.30.34.УП.010.01-ОБ.04.02 Евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа, кој е составен дел од даденото одобрение-ЗУЈ.

16. Во образецот на Одобрение даден во прилог на ова Упатство е даден пример на одобрение за водење на евиденција во кое се наведува дали одобрението се дава за привремен увоз/извоз на празна и повторен извоз/увоз на полна амбалажа. Доколку се дава одобрение за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на полна амбалажа и повторен извоз/увоз на празна амбалажа, потребно е одобрението соодветно да се прилагоди.

17. Се даваат посебни одобренија за постапка на привремен увоз и извоз, па согласно тоа имателот на одобрение е должен да води посебна евиденција, на образецот Евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа, за постапката на привремен увоз и постапката на привремен извоз на стока.

[1] Обрасците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ (Закон за употреба на јазиците) се издаваат/користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката (учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

## IV. Спроведување на постапка на привремен увоз/извоз на амбалажа

18. Постапката на привремен увоз/извоз на амбалажа, во зависност од тоа дали привремено се увезува/извезува полна или празна амбалажа, односно дали повторно се извезува/увезува полна или празна амбалажа, се спроведува согласно точките од оваа глава од Упатството.

### IV.1. Привремен увоз на празна амбалажа

19. Привремен увоз на празна амбалажа се одобрува со усно декларирање и поднесување на два примероци од комерцијален документ (проформа фактура, изјава и слично) на царинска испостава на влез или царинска испостава на увоз.

20. Комерцијалниот документ кој се поднесува на царинската испостава на влез или царинската испостава на увоз, мора да ги содржи следниве податоци:
    - број и датум на комерцијалниот документ,
    - број и датум на Одобрението за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа,
    - вид и регистарска ознака на превозното средство,
    - трговски назив на стоката (амбалажата),
    - тарифна ознака,
    - количина (бруто тежина, парчиња),
    - вредност.

21. Надлежниот царински службеник во царинската испостава на влез или царинска испостава на увоз ги оверува со потпис и печат двата примероци од комерцијалниот документ и еден примерок задржува во евиденција, а другиот примерок го враќа на декларантот или на неговиот застапник.

22. Имателот на одобрение од точка 13 на ова Упатство е должен без одлагање да ги внесе податоците од комерцијалниот документ во својата евиденција.

23. Доколку не може да се одобри привремен увоз на празна амбалажа на царинската испостава на влез, за истата се поднесува транзитна декларација до царинската испостава на увоз. Во царинската испостава на увоз се поднесува

царинска декларација за привремен увоз на амбалажа, но без поднесување на гаранција за обезбедување на долгот.

## IV.2. Привремен увоз на полна амбалажа

24. Привремениот увоз на полна амбалажа започнува во царинската испостава на влез, каде амбалажата заедно со стоката, се става во бараната царинска постапка.

25. За да може да започне постапката на привремен увоз, полната амбалажа заедно со стоката, од царинската испостава на влез во транзитна постапка НКТС се упатува во царинската испостава на увоз. Притоа, амбалажата се декларира заедно со стоката, односно во транзитната декларација се внесуваат податоци за стоката и тоа во рубрика 31 (пакување и опис на стока) и во рубрика 35 (бруто маса во килограми).

26. По спроведената транзитна постапка, во царинската испостава на увоз амбалажата заедно со стоката се декларира во бараната царинска постапка и во царинската декларација за таа постапка се впишуваат и податоци за амбалажата, и тоа во рубрика 31 (пакување и опис на стока), рубрика 35 (бруто маса во килограми) и рубрика 44 (одобрение од месно надлежниот царински орган за водење на евиденција).

27. Имателот на одобрение за водење на евиденција за привемен увоз/извоз на амбалажа без одлагање ги внесува во својата евиденција бројот на царинската декларација за бараната царинска постапка во која е стоката ставена и количината и видот на амбалажата.

## IV.3. Повторен извоз на полна амбалажа

28. Повторниот извоз на полна амбалажа се спроведува така што амбалажата се декларира заедно со стоката во царинска декларација за бараната царинска постапка, така што податоците за амбалажата се впишуваат во рубрика 31 (пакување и опис на стока), рубрика 35 (бруто маса во килограми) и рубрика 44 (одобрение од месно надлежниот царински орган за водење на евиденција).

29. Имателот на одобрение без одлагање ги внесува во својата евиденција бројот на царинската декларација за бараната царинска постапка во која е стоката ставена и количината и видот на амбалажата.

## IV.4. Повторен извоз на празна амбалажа

30. Повторниот извоз на празна амбалажа се спроведува со усно декларирање и поднесување на два примероци од комерцијалниот документ на излезната царинската испостава на излез или царинската испостава на извоз.

31. Комерцијалниот документ кој се поднесува на царинската испостава на излез или царинската испостава на извоз, мора да ги содржи следниве податоци:
    - број и датум на комерцијалниот документ,
    - број и датум на одобрението за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа,
    - соодветен документ со која амбалажата е привремено увезена (број на комерцијален документ или ЕЦД),
    - вид и регистарска ознака на превозното средство,
    - трговски назив на стоката (амбалажата),
    - тарифна ознака,
    - количина (бруто тежина, парчиња).

32. Надлежниот царински службеник во царинската испостава на излез или царинската испостава на извоз ги оверува со потпис и печат двата примерока од комерцијалниот документ и еден примерок задржува за евиденција, а другиот примерок го враќа на декларантот или на неговиот застапник.

## IV.5. Привремен извоз и повторен увоз на домашна амбалажа

33. Привремениот извоз на празна амбалажа се спроведува со усно декларирање и поднесување на два примероци од комерцијалниот документ согласно точките 19 до 23 од ова Упатство, а повторниот увоз на полна амбалажа се спроведува согласно точките 28 и 29 од ова Упатство.

34. Привремениот извоз на полна амбалажа се спроведува согласно точките 24 до 27 од ова Упатство, а повторниот увоз на празна амбалажа се спроведува

согласно точките 30 до 32 од ова Упатство, но покрај податоците наведени во таа точка, комерцијалниот документ мора да содржи и податоци за документот по кој амбалажата била привремено извезена (број на комерцијален документ или ЕЦД).

35. Ако декларантот го нема документот за привремено извезена амбалажа, царинскиот орган задолжително (ако на пример, документот за привремено извезена амбалажа не може да го испрати по факс или електронска пошта, или трговското друштво тогаш не работи и доколку оди за повторен увоз на амбалажа со стални ознаки на трговското друштво кои не се бришат) го прифаќа предложениот документ за амбалажа, внесува податоци во евиденцијата, го оверува документот и го враќа на декларантот. Во овој случај не се бара транзитна декларација.

## V. Контрола на постапката

36. Контрола на правилното спроведување на постапката и водење на пропишаната евиденција, должна е да спроведува месно надлежната царинарница која го дала и која е назначена во предметното одобрение.

37. Наведеното вклучува и контрола на почитување на роковите на повторен извоз/увоз на амбалажа која е привремено увезена/извезена, соодветно на пропишаните рокови.

38. Надлежната царинарница е должна редовно да врши контроли на имателите на одобренија, соодветно на дадените одобренија за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа и води евиденција за тие контроли.

## VI. Привремен увоз/извоз на палети

39. Ова Упатство се применува и за постапка на привремен увоз/извоз на палети.

40. Одредбите на членот 368 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и Конвенцијата за привремен увоз пропишуваат отстапување од основното правило за привремен увоз/извоз на палети, односно можност да се дозволи повторен извоз/увоз на еднаков број палети од ист вид со иста вредност.

41. Можноста за повторен извоз/увоз на еднаков број палети од ист вид со иста вредност кај привремен увоз/извоз на палети, мора да биде наведена во одобрението за водење на евиденција од глава III на ова Упатство, а надлежниот царински орган е должен при спроведување на контрола на постапката, да проверува дали бројот на привремено увезени/извезени палети во период од 6 месеци одговара на бројот на палети повторно извезени/увезени, од истиот вид и иста или приближно иста вредност.

## VII. Привремен увозна амбалажа со делумно ослободување од увозни давачки

42. Кај привремен увоз на амбалажа, која се употребува во внатрешен транспорт на царинското подрачје или во други случаи на привремен увоз, кога не се исполнети сите услови за целосно ослободување од плаќање на увозни давачки, царинскиот орган во чија надлежност е амбалажата која треба да се користи одобрува привремен увоз со делумно ослободување од увозни давачки.

## VIII. Преодни и завршни одредби

43. Надлежни за постапување по ова Упатство се сите царински службеници од надлежните царинарници.

44. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

45. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се шефовите на царинските испостави, шефовите на службите за надзор на иматели на одобренија и управниците на царинарниците.

46. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

47. Секое постапување спротивно на одребите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

48. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

49. Се задолжува Секторот за царински систем во рок од 3 дена од денот на донесување на ова Упатство да го направи достапно за сите вработени и да го објави на интранет страницата на Царинската управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

50. Со донесување на ова Упатство, престанува да важи 01.30.34.УП.010.01 Упатството за привремен увоз и извоз на амбалажа бр. 01-032956/15-0001 од 07.05.2015 година.

51. Ова Упатство стапува на сила со денот на донесување.

Бр. 01-032956/15-0002
Скопје, 22-03-2023 година

Директор
м-р Славица Кутиров

Изработил: Билјана Гаџовска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

Прилози:

1. 01.30.34.УП.010.02-ОБ.01.02 Одобрение
2. 01.30.34.УП.010.02-ОБ.02.02 Одобрение - ЗУЈ
3. 01.30.34.УП.010.02-ОБ.03.02 Евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа, кој е составен дел од даденото одобрение
4. 01.30.34.УП.010.02-ОБ.04.02 Евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа, кој е составен дел од даденото одобрение-ЗУЈ

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Примателите: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси<br>Сектор за царински систем<br>Архива |

01.30.34.УП.010.02-ОБ.01.02

Царинската управа на Република Северна Македонија решавајќи по барањето на .................................... од ........................................ за одобрување на формата и содржината на водење на евиденција за странска стока, надлежна врз основа на член .............. од Законот за Царинската управа („Сл. весник на РМ" број ..........................................), донесе

# ОДОБРЕНИЕ

1. Се одобрува формата и содржината на евиденцијата за привремен увоз/извоз на амбалажа, на ................................... од ..............., а согласно образецот за евиденција кој е во прилог на ова одобрение и кој е негов составен дел.

2. Амбалажа која привремено се увезува/извезува:

| реден број | тарифна ознака | трговски опис на стоката |
|---|---|---|
| | | |

3. Царински постапки за привремен увоз/извоз на амбалажата:
   - привремен увоз/извоз на празна амбалажа со шифра:.........................................,
   - повторен извоз/увоз на полна амбалажа со шифра:............................................

4. Царинарница која е надлежна за надзор над спроведувањето на контрола на правилното спроведување на постапка на привремен увоз/извоз:

5. Царински испостави на влез/излез кои се надлежни за привремен увоз/извоз на празна амбалажа со усна царинска декларација:

6. Привремен увоз/извоз на празна амбалажа:
При усно декларирање имателот на одобрение должен е да приложи и комерцијален документ во два примероци кои во царинската испостава на влез/излез ги оверува надлежниот царински службеник и еден примерок задржува во евиденција, а другиот примерок го враќа на декларантот или на неговиот застапник.

Комерцијалниот документ мора да ги содржи следниве податоци:
- број и датум на комерцијалниот документ,

- број и датум на одобрението за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа,
- соодветен документ со која амбалажата е привремено увезена (број на комерцијален документ или ЕЦД) – доколку се работи за повторен извоз на празна амбалажа,
- вид и регистарска ознака на превозното средство,
- трговски назив на стоката (амбалажата),
- тарифна ознака,
- количина (бруто тежина, парчиња).

Имателот на одобрение е должен без одлагање да ги внесе податоците од комерцијалниот документ во својата евиденција.

7. Повторен извоз/увоз на полна амбалажа:
Повторен извоз/увоз на полна амбалажа се декларира заедно со стоката, односно во транзитната декларација (ако се работи за повторен увоз) се запишуваат податоци за стоката и тоа во рубрика 31 (пакување и опис на стока) и рубрика 35 (бруто маса во килограми).

Амбалажата заедно со стоката се декларира за бараната царинска постапка и во царинската декларација за таа постапка се запишуваат податоци и за амбалажата и тоа во рубрика 31 (пакување и опис на стока), рубрика 35 (бруто маса во килограми) и рубрика 44 (број на одобрение).

Имателот на одобрение е должен без одлагање да го внесе во својата евиденција бројот на царинската декларација и количината и видот на амбалажата.

8. Име и презиме, телефонски број и електронска адреса на одговорното лице за правилно спроведување на привремениот увоз/извоз:

9. Рок на важење на одобрението:

10. Имателот на одобрение е должен да ги следи роковите за привремен увоз/извоз на амбалажа и во тој рок истата да ја раздолжи со повторен извоз/увоз или одредување на друго царински дозволено постапување или употреба.

11. Доколку надлежните царински органи при контрола утврдат неправилности, се постапува согласно членот 7-6 од Царинскиот закон.

12. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

............................... од .................. поднесе барање за одобрување на формата и содржината на водењето на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа број .............. од ........................ година. Кон барањето приложи:..................................

Царинската управа на Република Северна Македонија го разгледа поднесеното барање и прилозите кон истото и утврди дека предложениот образец и начин на водење на евиденција ги исполнува условите од член 392 став 2 од Уредбата за спроведување на постапката.

Тужбата не го одлага извршувањето на ова решение, согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон.

Такса од тарифен број ........... од ТАТ во износ од .................. денари е наплатена.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

xxxxxxxx,
xxxxx xxxxxxx

Бр. xxxxxxxxxxxx
Место, _______________г.

Прилог: евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа

Доставено во оригинал до:
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Доставено преку ЕДМС до:

- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Изработил: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Одобрил:xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Согласен: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

Царинската управа на Република Северна Македонија решавајќи по барањето на ..................................... од ..................................... за одобрување на формата и содржината на водење на евиденција за странска стока, надлежна врз основа на член ............. од Законот за Царинската управа („Сл. весник на РМ" број ........................................), донесе

Drejtoria e Doganave e Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke vepruar lidhur me kërkesën e .................................... më .....................................për miratimin e formës dhe përmbajtjes së evidencës për mall të huaj, kompetente në bazë të nenit..............të Ligjit të Drejtorisë së Doganave (Gazeta Zyrtare e RM-së numër..........................................), miraton

## ОДОБРЕНИЕ

## AUTORIZIM

1. Се одобрува формата и содржината на евиденцијата за привремен увоз/извоз на амбалажа, на .................................. од ..............., а согласно образецот за евиденција кој е во прилог на ова одобрение и кој е негов составен дел.

1. Miratohet forma dhe përmbajtja e evidencës për import/eksport të përkohshëm të ambalazhit, e ................................ më ...............ndërsa në pajtim me formularin e evidencës që është në shtojcë të këtij autorizimi dhe që është pjesë e saj përbërëse.

2. Амбалажа која привремено се увезува/извезува.

| реден број | тарифна ознака | трговски опис на стоката |
|---|---|---|
| | | |

2. Ambalazhi që përkohësisht importohet/eksportohet.

| numri rendor | kodi tarifor | përshkrimi tregtar i mallit |
|---|---|---|
| | | |

3. Царински постапки за привремен увоз/извоз на амбалажата
- привремен увоз/извоз на празна амбалажа со шифра
- повторен извоз/увоз на полна амбалажа со шифра

3. Procedurat doganore për import/eksport të përkohshëm
- import/eksport i përkohshëm i ambalazhit të zbrazët me shifër.....................................,
- eksport/import i sërishëm i ambalazhit të mbushur me shifër...........................................

4. Царинарница која е надлежна за надзор

4. Dega doganore që është kompetente për

над спроведувањето на контрола на правилното спроведување на постапка на привремен увоз/извоз.

5. Царински испостави на влез/излез кои се надлежни за привремен увоз/извоз на празна амбалажа со усна царинска декларација.

6. Привремен увоз/извоз на празна амбалажа.

При усно декларирање имателот на одобрение должен е да приложи и комерцијален документ во два примероци кои во царинската испостава на влез/излез ги оверува надлежниот царински службеник и еден примерок задржува во евиденција, а другиот примерок го враќа на декларантот или на неговиот застапник.

Комерцијалниот документ мора да ги содржи следниве податоци:
- број и датум на комерцијалниот документ
- број и датум на одобрението за водење на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа
- соодветен документ со која амбалажата е привремено увезена (број на комерцијален документ или ЕЦД) – доколку се работи за повторен извоз на празна амбалажа
- вид и регистарска ознака на превозното средство
- трговски назив на стоката (амбалажата)
- тарифна ознака
- количина (бруто тежина, парчиња)

Имателот на одобрение е должен без одлагање да ги внесе податоците од комерцијалниот документ во својата

mbikëqyrjen e zbatimit të kontrollit për zbatim të drejtë të procedurës për import/eksport të përkohshëm.

5. Pikat doganore për hyrje/dalje që janë kompetente për import/eksport të përkohshëm të ambalazhit të zbrazët me deklarim gojor.

6. Import/eksport i përkohshëm i ambalazhit të zbrazët.

Gjatë deklarimit gojor, poseduesi i autorizimit obligohet të dorëzojë edhe dokument komercial në dy ekzemplarë që në piken doganore për hyrje/dalje i verifikon nëpunësi përkatës doganor, një ekzemplar e mban për evidencë, kurse ekzemplarin tjetër ia kthen deklaruesit ose përfaqësuesit të tij.

Dokumenti komercial duhet t'i ketë këto të dhëna:
- numrin dhe datën e dokumentit komercial
- numrin dhe datën e autorizimit për mbajtjen e evidencës për import/eksport të përkohshëm të ambalazhit
- dokumentin përkatës me të cilin ambalazhi është importuar përkohësisht (numri i dokumentit komercial ose DUD)- nëse bëhet fjalë për eksport të sërishëm të ambalazhit të zbrazët
- llojin dhe targat e regjistrimit të mjetit transportues
- emërtimin tregtar të mallit (ambalazhit)
- kodin tarifor
- sasinë (pesha bruto, copë)

Poseduesi i autorizimit obligohet pa vonesë t'i vendosë të dhënat e dokumentit komercial në evidencën e tij.

евиденција.

7. Повторен извоз/увоз на полна амбалажа.

Повторен извоз/увоз на полна амбалажа се декларира заедно со стоката, односно во транзитната декларација (ако се работи за повторен увоз) се запишуваат податоци за стоката и тоа во рубрика 31 (пакување и опис на стока) и рубрика 35 (бруто маса во килограми).

Имателот на одобрение е должен без одлагање да го внесе во својата евиденција бројот на царинската декларација и количината и видот на амбалажата.

8. Име и презиме, телефонски број и електронска адреса на одговорното лице за правилно спроведување на привремениот увоз/извоз.

9. Рок на важење на одобрението.

10. Имателот на одобрение е должен да ги следи роковите за привремен увоз/ извоз на амбалажа и во тој рок истата да ја раздолжи со повторен извоз/увоз или одредување на друго царински дозволено постапување или употреба.

11. Доколку надлежните царински органи при контрола утврдат неправилности, се постапува согласно членот 7-б од Царинскиот закон.

12. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон

7. Eksport/import i sërishëm i ambalazhit të mbushur.

Eksporti/importi i sërishëm i ambalazhit të mbushur deklarohet së bashku me mallin përkatësisht në deklarimin e transitit (nëse bëhet fjalë për import të sërishëm) shënohen të dhënat e mallit në rubrikën 31 (paketimi dhe përshkrimi i mallit) dhe rubrikën 35 (masa bruto në kilogram).

Poseduesi i autorizimit obligohet pa vonesë ta vendosë në evidencën e tij numrin në deklaratën doganore, sasinë dhe llojin e ambalazhit

8. Emri dhe mbiemri, numri i telefonit dhe adresa elektronike e personit përgjegjës për zbatimin e duhur të importi të përkohshëm.

9. Afati i vlefshmërisë të autorizimit.

10. Poseduesi i autorizimit obligohet t'i përcjellë afatet për import/eksport të përkohshëm të ambalazhit dhe në atë afat ta kthejë atë me eksport/import të sërishëm ose përcaktim të veprimit ose përdorimit tjetër doganor të lejuar.

11. Nëse organet kompetente doganore gjatë kontrollit vërejnë parregullsi, veprohet sipas nenit 7-b të Ligjit të Doganave.

12. Padia nuk e anulon realizimin e vendimit, në pajtim me nenin 7 paragrafi 4 i Ligjit të Doganave.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

............................. од .................. поднесе барање за одобрување на формата и содржината на водењето на евиденција за привремен увоз/извоз на амбалажа број .............. од ....................... година. Кон барањето приложи:..................................

Царинската управа на Република Северна Македонија го разгледа поднесеното барање и прилозите кон истото и утврди дека предложениот образец и начин на водење на евиденција ги исполнува условите од член 392 став 2 од Уредбата за спроведување на постапката.

Тужбата не го одлага извршувањето на ова решение, согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон.

Такса од тарифен број ........... од ТАТ во износ од .................. денари е наплатена.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

xxxxxxxx
xxxxxxx

Бр xxxxxxxxxxxx
Место _____________г

Прилог: евиденција за привремен увоз/извоз

## ARSYETIMI

............................. nga ..................ka dorëzuar kërkesë për miratimin e formës dhe përmbajtjes së evidencës për import/eksport të përkohshëm të ambalazhit numër...........në vitin.................Ndaj kërkesës dorëzon:...............................

Drejtoria e Doganave e Republikës së Maqedonisë së Veriut e shqyrtoi kërkesën e parashtruar dhe shtojcat e saj dhe konstatoi se formulari dhe mënyra e propozuar për mbajtjen e evidencës i plotëson kushtet nga neni 392 paragrafi 2 nga Urdhëri për zbatimin e procedurës.

Padia nuk e anulon realizimin e këtij vendimi, në pajtim me nenin 7 paragrafin 4 të Ligjit të Doganave.

Taksa nga numri tarifor...........nga TPA në vlerë prej..............denarë është paguar.

Udhëzim për mjet juridik.
Kundër këtij vendimi mund të inicohet kontest administrativ pranë Gjykates Administrative të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në afat prej 30 ditë nga pranimi i tij.

xxxxxxxx
xxxxxxx

Nr xxxxxxxxx
Vendi _____________viti

Shtojca: evidenca për import/eksport të

на амбалажа

Доставено во оригинал до
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Доставено преку ЕДМС до
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Изработил: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Одобрил: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Согласен: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

përkohshëm të ambalazhit

Dorëzuar në origjinal te
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Dorëzuar nëpërmjet EDMS te
- xxxxxxxx,
- xxxxxxxx

Përpunoi: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Miratoi: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Me pëlqim të: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ/ИЗВОЗ НА АМБАЛАЖА
(прилог кон одобрението)

Имател на одобрение:
Седиште:
Одобрение број:

| р. бр. | бр. на документ (комерцијален, ЕЦД) | датум | трговски опис | тарифна ознака | количина | број на исправа со која се врши повторен увоз/извоз | потпис на одговорно лице | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ/ИЗВОЗ НА АМБАЛАЖА (прилог кон одобрението)/
# EVIDENCË PËR IMPORT/EKSPORT TË PËRKOHSHËM TË AMBALAZHIT (shtojcë ndaj lejes)

Имател на одобрение/Poseduesi i lejes
Седиште/Selia
Одобрение број/Leja numër

| р. Бр/Numri rendor | бр. на документ (комерцијален, ЕЦД)/numri i dokumentit, komercial, DVD | Датум/data | трговски опис/përshkrimi tregtar | тарифна ознака/shenja e tarifës | Количина/sasia | број на исправа со која се врши повторен увоз/извоз/numri i dokumentit me të cilin kryhet importi/eksporti i serishëm | потпис на одговорно лице/nënshkrimi i personit përgjegjës | Забелешка/vërejtje |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |